Врз основа на член 41 став (8) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 124/19, 275/19, 267/20, 163/21 и 57/22), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДАНОЧНАТА ПРИЈАВА НА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на даночната пријава на данокот на додадена вредност.

## Член 2

Даночната пријава на данокот на додадена вредност се поднесува на образецот „ДДВ-04“, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на даночната пријава на данокот на додадена вредност (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.315/20).

## Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр.20-2309/1

30. 03. 2022 година — Министер за финансии,

Скопје — Dr.Fatmir Besimi, с.р.